## АПЛИКАЦИЈА
## за ТТК PREMIUM ПАКЕТ

| **Корисник на пакетот – основни информации** | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| Дата и место на раѓање | | ЕМБГ | |
| Број на лична карта | | Број на пасош | |
| Адреса на живеење | | | |
| Адреса за контакт | | | |
| Бр. на телефон/факс | | Бр. на моб. тел. | |
| E-Mail | | | |
| **Податоци за работодавачот** | | | |
| Име на фирмата | | | |
| Адреса на фирмата | | | |
| Бр. на телефон/факс | | E-Mail | |
| **Податоци за вработувањето** | | | |
| Стручна подготовка | | | |
| Работно место | | | |
| Износ на редовни месечни примања | а) до 18.500 МКД | б) од 18.501 МКД до 36.500 МКД | в) од 36.501 МКД |
| **Вид на пакет за кој се аплицира:** | а) TTK Premium Basic (Прилог 1) | б) TTK Premium Standard (Прилог 2) | в) TTK Premium Plus (Прилог 3) |

Ги приложувам следниве документи кои Банката ги задржува во своја евиденција:

1. Пополнета апликација,
2. Фотокопија од лична карта/пасош,
3. Други документи согласно Политиката на Банката

Изјава на корисникот на пакетот:
Со овој потпис потврдувам дека: 1. Податоците наведени во апликацијата се вистинити и при промената на податоците благовремено ќе ја известам Банката, 2. Во целост ја прифаќам содржината на Општите услови за користење на ТТК Премиум пакетите, 3. Банката има право да го одбие моето барање, 4. Банката може да ги користи моите податоци согласно законските прописи за заштита на личните податоци (вклучувајќи го и ЕМБГ), 5. Банката може да ги користи моите лични податоци со цел да врши проверка и верификација за утврдување на мојата кредитоспособност, за ажурирање на моите податоци во системот или со цел да ме контактира при промовирање на своите производи и услуги, да ги отстапи на трети лица врз основа на склучен Договор со Банката во согласност со моето писмено произнесување.

**Датум:**____________________**Место:**____________________**Потпис:**__________________________

**ПОПОЛНУВА БАНКАТА**:

Барањето го примил и ја проверил комплентоста на Апликацијата/барањето:

Име и презиме:

Работно место:

Датум и потпис:

Барањето го одобрил:

Работно место:

Филијала/Експозитура:

Датум и потпис:

**Општи услови за користење на пакет ТТК Premium за физички лица на ТТК Банка АД Скопје**

Со Општите услови за користење на **пакет ТТК Premium за физички лица на ТТК Банка АД Скопје** се уредуваат основните и општите услови и правила за користење на **пакет ТТК Premium за физички лица**

1. **Дефиниции**

**Општи услови** - Општи правила и услови за користење на пакет ТТК Premium за физички лица на ТТК Банка АД Скопје
**Банка** - ТТК Банка АД Скопје
**Пакет** – Производи и услуги содржани во пакет ТТК Premium на ТТК Банка АД Скопје кои Корисникот може да ги користи согласно условите за користење
**Корисник на пакет** - физичко лице на кое Банката му одобрила користење на пакет ТТК Premium за физички лица на ТТК Банка АД Скопје
**ИД картичка** – картичка со која се идентификува корисникот на пакет ТТК Premium за физички лица на ТТК Банка АД Скопје и која Банката ја издава на корисникот на пакет, сопственик на трансакциската сметка
**Трансакциска сметка** - денарска трансакциска сметка на корисникот на пакет отворена кај Банката
*(Термините употребени во еднина можат да се употребат и во множина и во членувана форма, без притоа да го изгубат дефинираното значење)*

2. **Услови за отворање на пакет**

Пакет може да се отвори секое деловно способно физичко лице над 18 години кое ги исполнува условите за користење на пакет, кое е во редовен работен однос, и кое е државјанин на Р. Македонија. Подносителот на барањето мора да има отворено трансакциска сметка во Банката.
Подносителот на барањето предава во Банката пополнета и потпишана Апликација за одобрување на пакет.
Подносителот на барањето е согласен Банката да ги провери сите податоци наведени во Апликацијата, како и да прибави евентуално потребни дополнителни информации за него. Банката одлучува за, одобрување на пакет без обврска на подносителот на барањето да му даде образложение за својата одлука.
Одлука за одобрување или неодобрување на пакетот и овозможување на користење на истиот, донесува Банката и притоа не е обврзана да ја образложува својата одлука на подносителот на барањето.

3. **Услови за користење на пакетот**

Корисникот на пакетот стекнува право за користење на поволностите од пакетот од моментот на првиот прилив на месечна плата на трансакциска сметка.
Корисникот на пакетот се обврзува да користи најмалку три производи за да го стекне правото на користење на поволностите во рамки на пакетот.
Користењето на производите е согласно изборот на Корисникот на пакетот и Одлука на банката.
Општите услови стапуваат на сила од денот на донесувањето на Одлука за отворање на пакетот од страна на Банката.
Корисникот на пакетот се обврзува своите редовни месечни примања да ги прима на трансакциска сметка отворена во Банката за цело време на користење на Пакетот.
За потврдување на правото на користење на пакетот, на Корисникот на пакетот му се издава ИД картичка за негова идентификација, со која се потврдува Одлуката на Банката за правото на користење на пакетот.
При аплицирање за секоја од услугите и/или производите содржани во пакетот, Корисникот е должен да ја приложи ИД картичката и дополнително да се легитимира со лична карта, односно пасош.
Пакетот не е пренослив на други лица и може да го користи исклучиво Корисникот на пакетот чие име е втиснато на ИД картичката за пакетот.
Во случај на губење. кражба или заборавање на ИД картичката, Корисникот на пакетот треба веднаш да се обрати во Банката за нејзино повторно издавање при што Банката не одговара за евентуално настаната штета на Корисникот.

4. **Содржина на пакетот**

Пакетот предвидува постоење на три вида различни пакети: ТТК Premium Basic, TTK Premium Standard, TTK Premium Plus.

Пакетот ги содржи следните производи и услуги:
Трансакциска сметка
Дозволено пречекорување на трансакциска сметка
Visa Electron дебитна картичка
Visa Classic кредитна картичка
Електронско банкарство
Надоместоци за обработка на барање за кредит
Надоместоци за одобрување кредитни и др. производи
Надоместоци за услуги во платниот промет
Каматни стапки за наменски и ненаменски кредити
Каматни стапки за штедни влогови
Други услуги: план на штедење, траен налог, стручен банкарски совет и др.

Карактеристиките на производите и услугите за секој посебен пакет се содржани во Прилог 1- TTK Premium Basic, Прилог 2- TTK Premium Standard , Прилог 3- TTK Premium Plus, и се составен дел на овие Општи услови.
За одобрување на производите и услугите содржани во Пакетот, корисникот треба да ги исполнува условите за секој поединечен производ или услуга во согласност со условите за производот или услугата, како и деловната политика и одлуките на Банката.
Производите и услугите со сите услови содржани во рамките на пакетот се променливи согласно деловната политика на Банката.

5. **Камати, надоместоци и провизии**

Сите надоместоци, провизии и камати поврзани со користењето на услугите и производите содржани во пакетот се дефинирани со посебни Договори и се наплатуваат во согласност со Одлуката за тарифата на надоместоци на Банката и Одлука за висина на каматни стапки на Банката.

6. **Рок на важност и обновување на пакетот**

Рокот на важноста на пакетот е 12 месеци. По истекот на рокот на важноста на пакетот, Банката може автоматски да го обновува Договорот, доколку на денот на истекот Корисникот ги исполнува основните услови за користење на пакетот.
Ако Корисникот на пакетот се придржува на Општите услови, а не го откаже обновувањето на пакетот најмалку 45 дена пред истек на рокот на важност на пакетот, важноста на пакетот автоматски ќе биде обновена и не е потребно да се доставува барање за нејзино обновување.

7. **Промена и откажување на пакетот на барање на корисникот**

Барањето за промена и откажување на производите и услугите во рамките на Пакетот го поднесува Корисникот на пакетот лично во било која деловна единица на Банката.
Корисникот на пакетот може да го откаже користењето на пакетот со доставување на писмена изјава до Банката и со враќање на ИД картичката.

8. **Престанок на правото на користење на пакетот**

Банката може да одлучи да го скрати односно укине правото на користење на пакетот, трајно или привремено, или да го раскине договорниот однос со Корисникот на пакетот и тоа по сопствена оценка на Банката.
Банката може да го укине правото на користење на Пакетот или да го раскине договорниот однос со корисникот на Пакетот во следниве случаи:
Во случај на престанок на редовните месечни примања преку трансакциската сметка;
Доколку Корисникот на пакетот не се придржува на Општите услови и доколку не се придржува на договорните услови за секој поединечен производ или услуга која се користи во рамките на Пакетот;
Во случај да настанале или се заканува настанување на други околности за кои Банката може разумно да претпостави дека можат негативно да влијаат на способноста на корисникот на Пакетот уредно да ги извршува своите обврски по Пакетот;
Во сите останати случаи кога Банката тоа ќе го процени, без обврска за наведување на причината.

9. **Останати одредби**

Општите услови се составен дел на Апликацијата за користење на пакетот. Со потпишувањето на Апликацијата Корисникот на пакетот изјавува дека му се јасни и ги прифаќа Општите услови. Одредбите од Општите услови се однесуваат на Корисникот на пакетот.
Банката го задржува правото за измена на Општите услови, како и Тарифата за надомест на услуги на ТТК Банка АД и Одлуката за каматни стапки на ТТК Банка АД согласно со деловната политика на Банката.
Корисникот на пакетот е согласен да биде известен за промената на условите на начини кои Банката ќе ги определи за известување.
Доколку Корисникот на пакетот не се согласува со промената, може да побара прекинување на користењето на пакетот во рок од 15 дена од денот на објавата на измените во условите. Во тој случај е должен на Банката да и ја врати ИД картичката. Во спротивно ќе се смета дека Корисникот е согласен со измените.
Корисникот на пакетот е согласен/на Банката да ги користи неговите/нејзините лични податоци за промотивни цели, рекламни материјали и други известувања, за сите производи и услуги на Банката и да ги отстапи на трети лица врз основа на склучен договор со Банката. Корисникот има право во секој момент да ја повлече оваа согласност за користење на личните податоци од страна на Банката или трети лица.
Банката се обврзува да ги заштити личните податоци за Корисникот на пакетот, согласно законските прописи.
Корисникот на пакетот е должен веднаш да ја извести Банката за промена на адресата, вработувањето или некои други податоци кои може да влијаат врз користењето на пакетот.
Во случај на неизвестување за променета адреса извршената достава на првобитно евидентирана адреса се смета за уредна и валидна.
Секое користење на пакетот кое е спротивно на Општите услови повлекува автоматско одземање на правото за користење на производит и услугите содржани во пакетот, превземање на мерки согласно Законските прописи.
Со потпишувањето на Општите услови на ТТК Банка АД Скопје за издавање и користење на пакетот, Корисникот се согласува Банката да врши обработка на личните податоци,да ги користи личните податоци со цел да врши проверка и верификација на истите, да ги користи при анализа на работењето на комитентот преку Банката, како и да ги ажурира податоците во системот со цел известување и промовирање на производи и услуги.
Во случај на спор помеѓу Банката и Корисникот на пакетот, надлежен е стварно и месно надлежниот суд за Банката.